Република Северна Македонија

НАЦИОНАЛНА АГЕНЦИЈА ЗА ЕВРОПСКИ ОБРАЗОВНИ ПРОГРАМИ И МОБИЛНОСТ

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
Скопје Р. Македонија
Erasmus+
Дата 26-02-2020
Бр. 03-346/1

**До**
**Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија**
**н/р Министер Арбр Адеми**
**Дата – 26.02.2020 година**

**Предмет: Национални приоритети за Еразмус+ 2020**

Почитуван министре Адеми,

Националната агенција за европски образовни програми и мобилност (Национална агенција) ги предлага следниве национални приоритети за програмата Еразмус+ за 2020 година:

1) **Зелена агенда** – Овој приоритет е вграден во програмскиот прирачник Еразмус+ 2020 и се однесува на сите клучни акции, па дури и на трошењето на оперативните средства. Со оглед на тоа дека Владата на Република Северна Македонија го задолжи Министерството за образование и наука да направи анализа и да предложи мерки за воспоставување на таканаречените „зелени работни места“ како и „позеленување“ на мерките во рамките на својот делокруг на работа, Националната агенција предлага Зелената агенда да се прогласи за еден од националните приоритети на програмата Еразмус+ во 2020 година.

2) **Повеќе училишта во Еразмус+** - Овој приоритет се надоврзува на минатогодишните активности на градење капацитети на училиштата (градинки, основни и средни училишта). Целта е да се зголеми бројот на потенцијалните училишта-корисници на грантови од Еразмус+ програмата во пресрет на новата двојно поголема програма. Со оглед на тоа дека многу нови закони беа донесени во текот на 2019 година од страна на Собранието на Република Северна Македонија, овој приоритет ќе поттикне и спроведување во практика на истите тие закони.

3) **Зголемување на вработливоста** – Овој приоритет кореспондира со приоритетите на Еразмус+ програмата 2020 како и со приоритетите на Владата на Република Северна Македонија. Имено, во 2019 година се донесоа многу закони кои сега се во фаза на имплементација (Законот за младинско учество и Законот за младински стандард којшто е во постапка) како и проекти кои ќе имаат влијание врз вработувањето на младите (гранцијата за млади, субвенции за млади, обуки за млади итн.). Националната агенција заедно со 11 други национални агенции е дел од стратегиското партнерство Youth@Work (Млади на работа) и веќе двајца македонски претставници се добро испрофилирани како обучувачи за младински политики и вештини.

4) **Поголема соработка со Република Грција** – Овој приоритет е во насока на зајакнување на врските меѓу нашата држава и Република Грција како дел од спроведување на мерките за градење доверба меѓу двете држави, особено по потпишувањето на Преспанскиот договор. Веќе се воспоставени канцеларии за

соработка меѓу младите од двете страни и ова би било дополнителен напор за проширување на таа соработка и кај училиштата, универзитетите, граѓанските организации, претпријатијата итн.

5) **Инклузија** – Овој приоритет произлегува, исто така, од бројните законски решенија што Владата на Република Македонија ги донесе во изминатиов период кои значително ја подобруваат климата за вклучување на лицата со попреченост и оние со помалку можности во главните општествени текови. Претставник на Националната агенција е избран во работната група за инклузија на Европската комисија која работи на следната Еразмус+ програмата 2021-2027 така што овој приоритет добива двојна поголемо значење и за државата и за ЕУ.

Националната агенција согласно мандатот даден од страна на Европска комисија, Генерален директорат за образование, млади, спорт и култура утвреден во Договорите на Делегацијата за имплементација на програмата ЕРАЗМУС+ ќе се придржува до приоритетните теми утрвдени во „Програмскиот прирачник за Еразмус+ 2020“, коишто сосема кореспондираат со погоре наведените национални приоритети, но ќе ги има предвид националните приоритети при спроведувањето на своите работни активности вклучувајќи го и при доделувањето на грантовите.

Ве потсетуваме дека рокот за аплицирање на стратегиските партнерства (клучна акција 2) е 24 март, а претходно Националната агенција мора да ги објави националните приоритети на својата веб-страница. Ќе бидеме многу благодарни доколку ги прифатите нашите предлози што е можно поскоро за соодветно да се поставиме спрема нашите корисници.

Со почит,

Лидија Димова
Директорка

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност
Скопје
Р. Македонија
I

17А

Република Северна Македонија

**Министерство за образование и наука**

Сектор за ЕУ

**Бр.** 08-3467/2

Скопје, 11-03-2020 година

**ДО Национална агенција за европски образовни програми и мобилност**
Г-ѓа Лидија Димова

**ПРЕДМЕТ: Доставување на мислење во врска со Националните приоритети за Еразмус+ 2020**

**Врска: Ваш бр. 03-346/1 од 26.02.2020**

Почитувана г-ѓа Димова,

Во врска со доставениот допис од Ваша страна во кој Националната агенција за европски образовни програми и мобилност предлага Националните приоритети за Еразмус+ 2020, Министерството за образование и наука изразува позитивно и афирмативно мислење и цениме дека истите се во согласност со актуелните европски политики, приоритетите во рамки на ИПА 2, како и националните политики во областа на образованието и вработливоста на Република Северна Македонија.

Во однос на приоритет бр. 1 Зелена агенда - Би сакале да посочиме дека е основана работна група за поврзување на зелени работни места со младинската невработеност. Исто така, во таа насока на 11.02.2020 се одржа Четвртата седница на Одборот за Национална рамка на квалификации каде што беа дискутирани со цел разгледување на можностите за утврдување на мерила и методологија за „зелените" квалификации и работни места. Во рамки на Четвртата седница се донесоа и неколку заклучоци како што се:

- Одборот да усвои дефиниција за „зелените" работни места;
- да се отпочне со подготовка и подоцна да се донесат Методологија за „озеленување" на квалификациите и Методологија за подготовка и развивање на Стандарди за „зелените" квалификации;
- да се определат резултати за учење кои ќе се однесуваат на „зелените" квалификации;
- да се изнајдат можности за стручни консултации при подготовка на документите
- овој состав да се користи за прегледување на документите и консултации пред нивното усвојување

Во пресрет на активностите за програмирање на ИПА 3, истакнуваме дека третата област за финансирање на активности конкретно е посветена на Зелена Агенда.

Понатаму, за Приоритетот со бр. 2 Повеќе училишта во Ерасмус+ 2020 цениме дека иницијалната идеја за инволвирање на поголем број на потенцијални училишта – корисници значајно ќе придонесе до понатамошно градење и унапредување на


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk

капацитетите на училиштата но, и на човечките ресурси вработени во нив во смисла генерирање на проектни идеи и на капацитет за апсорпција и реализација на средства за конкретни цели. Истовремено, ќе ја зголеми комуникацијата и соработката меѓу инволвираните проектни актери и ќе доведе до размена на искуства и знаење, а со тоа и до воведување на нови позитивни практики во нивното понатамошно работење.

Приоритет 3. Зголемување на вработливоста, и приоритет 5. Инклузија во целост кореспондираат со приоритетите на Владата на Република Македонија, а во исто време и со тековните и планираните активности во ИПА 2 во приоритетна област Образование, вработливост и социјални политики. Цениме дека активностите од овие два приоритети се комплементарни на активностите од ИПА 2 и преостанатите активности на Министерството за образование и наука.

Кога станува збор за приоритетот од точка 4. Поголема соработка со Република Грција, цениме дека исто така од голема важност и ќе даде позитивен одек во смисла на унапредување на меѓусебните односи помеѓу двете соседни земји, а истовремено ќе допринесе и до унапредување на меѓусебната доверба. Но, во таа насока би сакале да ја акцентираме потребата од крајна внимателност при работењето во рамки на оваа област со цел да се допринесе до правилно и прецизно ползување на одредбите од Преспанскиот договор во смисла на воспоставување на соработки помеѓу двете страни кои што ќе дадат придонес во градењето на доверба помеѓу страните.

Со почит,

**МИНИСТЕР,**

**Dr. Arbër Ademi**

Подготвил: Радмила Ристовска Крчинска
Контролирал/ Согласен:: Ивана Поповска


Министерство за образование и наука на Република Северна Македонија
Ул. „Св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3117 896
www.mon.gov.mk